РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен 13, 2310 Виница, Р. С. Македонија
тел/факс: +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
str. Bel Kamen 13, 2310 Vinica, R.N.Macedonia
phone/fax +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Бр.09 - 1270
29.12.2025 год.
ВИНИЦА

Јавно претпријатие за комунални работи
"СОЛИДАРНОСТ" Ц.О.
ВИНИЦА

| Примено: | 09.01.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 02 | 34 | | |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02" и „Службен весник на РСМ број 202/2024") и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022"), Советот на општина Виница на 4-та седница одржана на ден 29.12.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За давање Согласност на Програма за јавна чистота на ЈП за комунални работи „Солидарност" - Виница за 2026 година**

Член 1

Се дава Согласност на Програмата за јавна чистота на ЈП за комунални работи „Солидарност"-Виница за 2026 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница".

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

ЈП“СОЛИДАРНОСТ“-ВИНИЦА
Бр. 02-935/5
18.12.2025 год.

0202
18.12.2025

Врз основа на член 19 од Статутот на ЈП“Солидарност“-Виница, Управниот одбор на ЈП“Солидарност“-Виница на седницата одржана на ден 18.12.2025 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**За усвојување Програмата за јавна чистота**
**на ЈП Солидарност - Виница за 2026 година**

**чл.1**

Се усвојува Програмата за јавна чистота на ЈП Солидарност- Виница за 2026 година.

Управен одбор
Претседател

Јавно претпријатие за комунални работи „СОЛИДАРНОСТ“ Д.О. ВИНИЦА

0 102
09.12.2025
Јавно претпријатие за комунални работи „СОЛИДАРНОСТ" Ц.О.
Бр. 01-906
09.12.2025
ВИНИЦА

# ПРОГРАМА ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА НА ЈП „СОЛИДАРНОСТ" ВИНИЦА ЗА 2026 ГОДИНА

## ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРОМЕТНИ ПОВРШИНИ

Програмата за одржување на јавна чистота е насочена пред се кон одржување на хигиената на јавните прометни површини (улици, тротоари, патеки), и на други отворени и прометни површини, градски угостителски и трговски простории, пазаришта, автобуска станица и др, заради обезбедување на поквалитетни услови за живот на граѓаните.

## ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Со оваа програма се утврдува:
- Територијата, распоредот и фреквенцијата за одржување (метење и миење) на јавните површини.
- Начинот на вршење на работите за одржување на јавната комунална хигиена.

## ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за одржување на јавната чистота на територијата на градот Виница и населените места Јакимово и Истибања ќе ја спроведува ЈП за комунални работи „Солидарност" Виница.

При утврдување на јавните прометни површини кои ќе се одржуваат со оваа Програма се земаат во предвид густината на населеност, фреквенција на граѓани и сообраќај, присуство на социјални, културни и воспитно – образовни објекти и др.

## ВОНРЕДНО ОДРЖУВАЊЕ

ЈП „Солидарност" Виница ќе постапува и по издадени решенија од општинскиот комунален инспектор и овластениот инспектор за животна средина, за чистење на мини депонии кои се надвор од програмата, а се вонредно загадени.

ЈП „Солидарност" Виница ќе врши чистење на просторот по одржување на манифестации кои ги организира Општината, а кои се дел од Програмата за култура.

## МЕТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ

**I. Метење на улици секој ден освен во недела**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | ул. „Маршал Тито" | м² | 7.800 |
| 2. | ул. „Браќа Миладинови" | м² | 9.800 |
| 3. | ул. „Илинденска" | м² | 8.400 |
| 4. | ул. „Тошо Арсов" | м² | 1.800 |
| 5. | ул. „Бел Камен" | м² | 2.700 |
| 6. | ул. „Борис Кидриќ" | м² | 6.000 |
| 7. | ул. „Никола Карев" | м² | 4.000 |
| 8. | ул. „Плачковечки Одред" | м² | 3.600 |
| 9. | ул. „Пионерска" | м² | 1.350 |

| | | |
|---|---|---|
| 10. Автобуска станица | м² | 1.500 |
| 11. Трговски – угостителски локалитет "Бојаџиски бунар" | м² | 800 |
| **ВКУПНО** | **М²** | **47.750** |

Вработените во ЈП „Солидарност" Виница во Одделението комунална хигиена задолжени за метење на јавните површини истото го вршат секојдневно во раните утрински часови во период кога е најмал интизитетот на сообраќај (05ч. до 11.00 ч.) по потреба и до подоцна се до моментот на извршување на целосно зададената задача. Овде спаѓа и секојдневното празнење на корпите за комунален отпад кои се поставени на улиците кои се одржуваат.

Дежурниот работник има обврска секојдневно во попладневните часови да ги мете следните локации ул. „Маршал Тито“,“Бојаџиски бунар”и Автобуска станица.

**III. Улици кои се метат повремено**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Влезен булевар Берово – Виница | м² | 3.000 |
| 2. Влезен булевар Кочани – Виница | м² | 3.000 |
| 3. ул. „Борис Трајковски“ ( индустриски дел) | м² | 7.986 |
| 4. Локалитет Свет крст Виница | м² | 1.000 |
| 5. Ул. „Крушевска република“ | м² | 3.000 |
| 6. ул. „Димитар Влахов" дел | м² | 3.300 |
| 7. ул. „Партизанска" | м² | 4.500 |
| 8. ул. „Кеј 30 ти Август" | м² | 4.200 |
| 9. Бул. „Маршал Тито" | м² | 7.800 |
| 10. Патот за с. Јакимово и централното подрачје | м² | 4.500 |
| 11. Метење на пристапните скали кон арх. Локалитет Кале со празнење на корпите за отпадоци | м² | 120 |
| **ВКУПНО** | **М²** | **42.406** |

Во деновите понеделник, вторник и петок се врши повремено метење на улици кои што се опфатени со програмата. Со ваква динамика сите улици опфатени со оваа програма ќе бидат исчистени најмалку еднаш во месецот. Во вонредни услови (снег, невреме, нагло паѓање на лисја) овие улици ќе бидат почесто исчистени. Повременото одржување опфаќа отстранување на наноси од песок, лисја и друг отпад од улиците и тротоарите, со кое ќе се создадат услови за нормално одвивање на сообраќајот и движење на пешаците. По потреба улиците повремено се чистат по пријава на граѓанин или најава од општински комунален инспектор за нехигиена на улиците опфатени со програмата.

Повремено се чистат улиците по повод патрони празници и други општински и културни манифестации.

**IV. Повремено миење на улици со цистерна**

| | | |
|---|---|---|
| 1. бул. „Маршал Тито" | м² | 7.800 |
| 2. „Бојаџиски бунар" | м² | 800 |
| 3. ул. „Маршал Тито" | м² | 7.800 |
| 4. ул. „Браќа Миладинови" | м² | 9.800 |

| | | |
|---|---|---|
| 5. ул. „Илинденска" | м² | 8.400 |
| **ВКУПНО** | **М²** | **35.850** |

Во топлите денови од годината неопходно е миење на улиците опфатени со програмата. Освен тоа повремено миење на улиците се врши и вонредно при одржување на културни, музички и други општински манифестации.

**Рекапитулација**

| | | |
|---|---|---|
| **I Метење на улици секој ден освен во недела** | **м²** | **40.950** |
| **II. Метење на други јавни прометни површини** | **м²** | **2.050** |
| **III. Улици кои се метат повремено** | **м²** | **44.406** |
| **IV. Повремено миење на улици со цистерна** | **м²** | **35.850** |
| **Вкупни површини за одржување** | **М²** | **123.256** |

**ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ**
**(На годишно ниво)**

**Јавна комунална хигиена - метачи**

**А) Метење на јавни прометни површини**

Во одделението „Комунална хигиена - метачи " има вкупно 6 вработени со вкупна годишна бруто плата

| | | | |
|---|---|---|---|
| - за 6 вработени бруто плати | | | 3.939.580 денари |
| - за 6 вработени К-15 | | | 85.800 денари |
| | **Вкупно** | | **4.025.380 денари** |

**Б) За 6 вработени –ХТЗ опрема, трошоци на годишно ниво**

| | | | |
|---|---|---|---|
| - работничко одело (комплет) | 6 бр. x | 1.500 денари = | 9.000 денари |
| - работнички кондури | 6 бр. x | 800 денари = | 4.800 денари |
| - работнички ракавици | 120 бр.(пара) x | 80 денари = | 9.600 денари |
| **Вкупно со ДДВ 18%** | | | **23.400 денари** |

**В) За 6 вработени – алат и прибор, трошоци на годишно ниво**

| | | | |
|---|---|---|---|
| - метли | 500 бр. x | 40 денари = | 20.000 денари |
| - лопати со рачки | 6 бр. x | 350 денари = | 2.100 денари |
| - гребула со рачка | 1 бр. x | 350 денари = | 350 денари |
| - мотика со рачка | 1 бр. x | 500 денари = | 500 денари |
| - коса (комплет) | 1 бр. x | 1.000 денари = | 1.000 денари |
| **Вкупно со ДДВ 18%** | | | **23.950 денари** |

**РЕКАПИТУЛАЦИЈА**

| | |
|---|---|
| **А) Метење на јавни прометни површини (плати)** | **4.025.380 денари** |
| **Б) Вработени ХТЗ опрема** | **23.400 денари** |
| **В) Вработени алат и прибор** | **23.950 денари** |
| **ВКУПНО** | **4.072.730 денари** |

**ЈП „СОЛИДАРНОСТ" ВИНИЦА**
**ВД ДИРЕКТОР**
**М-р Игор Спасовски**